РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА
MINISTRIA E ADMINISTRATËS PUBLIKE
Бр.-Nr. 04-3077/13
06 AUG 2025 20 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/22, 99/22 и 208/24) државниот секретар на Министерството за јавна администрација донесе

**ОДЛУКА**
**за избор по интерен оглас број 02/2025 за унапредување на 3 (три) административни службеници во Министерството за јавна администрација**

1. Раководител на одделение за креирање и анализа на политики во областа на РЈА, во Одделение за креирање и анализа на политики во областа на РЈА, во Сектор за реформа на јавна администрацијата и шифра на работно место УПР0101Б04000, во подгрупата на државни службеници - 1 извршител, се избира: **Аександра Стојановска**

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на добиеното известување за обезбедени финансиски средства од Министерството за финансии со архивски 19-9160/2 од 31.07.2025 година, државниот секретар упати барање број 04-3077/1 од 01.08.2025 година, за објавување на интерен оглас за унапредување на три административни службеници во Министерството за јавна администрација. Одделението за управување со човечки ресурси, објави интерен оглас број 02/2025 година за унапредување на 3 (три) административни службеници во Министерството за јавна администрација, објавен на ден 01.08.2025 година на веб страниците на Министерството за јавна администрација и Агенцијата за администрација. Во функција на спроведување на постапката за унапредување на административни службеници од точка 1 на оваа одлука, Комисиите за унапредување на административни службеници, формирани од страна на државниот секретар со Решение бр. 04-3077/8 од 05.08.2025 година, спроведе административна селекција и одржаа интервју со уредните кандидати кои што ги исполнуваат условите

предвидени согласно Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работни места во Министерството за јавна администрација. Врз основа на освоените бодови од административната селекција и освоените бодови од интервјуто, комисијата состави Записник од административна селекција број 04-3077/9 од 06.08.2025 година, за интерен оглас број 02/2025 за унапредување на 3 (три) административни службеници, Записник за унапредување на 3 (три) административни службеници заради спроведување на интервју по интерен оглас број 02/2025 за унапредување на 3 (три) административни службеници, број 04-3077/10 од 06.08.2025 година и изготви Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат за интерен оглас број 02/2025 за унапредување на 3 (три) административни службеници која што е дел од записникот. Врз основа на Финалната ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прво рангираниот кандидат за интерен оглас број 02/2025 за унапредување на 3 (три) административни, државниот секретар во Министерството за јавна администрација донесе одлука да се изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

По конечноста на оваа одлука, ќе се донесе решение за унапредување за именуваниот од точка 1 на оваа одлука.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страницата.

ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР

М-Р ЃОРЃИ ВЛАЈНКИНОСКИ

Доставено до:

- Кандидатите
- Одделението за управување со човечки ресурси
- Архива